РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-441/3
11-09-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава од подносител --------------- на продолжението на 38-та седница одржано на 09.09.2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-3772/1 од 05.08.2019 година оформен по доставена пријава од ----------------- по електронска пошта до Државната комисија за спречување на корупцијата **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-3772/1 од 05.08.2019 година, поради тоа што во конкретниот случај постапиле други надлежни органи во РСМ кои во рамките на своите законски надлежности презеле дејствија согласно закон и донеле соодветни одлуки.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-3772/1 од 05.08.2019 година е оформен врз основа на доставена пријава од ------------------ преку електронска пошта во Државната комисија за спречување на корупцијата.

Во пријавата се наведуваат наводи за сомневање за незаконитости преземени од Директорот на СЕПУГС "Арсени Јовков" Скопје, ----------------- во врска со организирање серија постапки за издавање на фалсификувани службени документи (свидетелства и записници за положени испити) во јунскиот испитен рок од 24 до 26 јуни 2019 година. Во пријавата се наведува дека професори под притисок на директорката заедно со нејзината блиска соработничка --------------, чиј син е ученикот -----------, потпишале записници со највисоки оцени за овој ученик кој физички не се појавил на полагање на испитите. Директорката од Наставничкиот совет побарала да одобри овој ученик кој има статус на вонреден ученик, да ги полага испитите бесплатно, без оправдана причина за тоа, иако претходно такво ослободување добивале само ученици со социјален и економски ризик.

Со цел проверка на основаноста на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации до Државниот просветен инспекторат со број 12-441/1 од 22.01.2020 година со кое побара да изврши вонреден

инспекциски надзор на постапките за полагање на испити во јунскиот испитен рок во СЕПУГС "Арсени Јовков" Скопје.

На ден 07.02.2020 година до ДКСК беше доставен одговор –известување од Државниот просветен инспекторат заведен под број 12-441/2.

При разгледување на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид предметните наводи и по извршените проверки го утврди следното:

-Од Државниот просветен инспекторат по барање на Управата за финансиска полиција на ден 09.08.2019 година бил извршен вонреден инспекциски надзор. За констатираната состојба предметот бил проследен до Секторот за внатрешна ревизија при Град Скопје.

- На 09.08.2019 година по доставена претставка од друг подносител кој дал наводи за сомневање за неправилности при полагање на испити на вонредни ученици и наводи за издавање на фалсификувани службени документи од страна на ВД Директорот на СЕПУГС "Арсени Јовков" Скопје, бил извршен вонреден инспекциски надзор при што бил констатирани пропусти при водење на педагошката документација, при што било издадено Решение со број 09-2002 од 09.08.2019 година. На ден 26.08.2019 година бил извршен контролен инспекциски надзор со цел да се утврди дали училиштето постапило по наредените мерки со решение, при што било констатирано дека училиштето ги отстранило сите констатирани пропусти од страна на инспекторатот,што е видно од Записникот од извршен конктролен инспекциски надзор во СЕПУГС "Арсени Јовков" Скопје на ден 26.08.2019 година.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај постапиле други надлежни орани кои во рамките на своите законски надлежности презеле процесни дејствија согласно закон и донеле соодветни одлуки, поради што нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: Софка Пејовска Дојчиновска, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**